СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО

НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска анализа/дијагностика:

# Владеење на правото и борба против корупција

## Извршно резиме

Во процесот на подготвување на Стратегијата за национален развој тематската област Владеење на правото и борба против корупцијата има важно значење. Постоењето на општество во кое владее правото, каде законите се спроведуваат ефикасно и транспарентно, и каде постојат јасно одредени механизми за спречување на корупцијата е предуслов за развој на другите области.

Во овој документ ќе се анализираат стратешките документи кои се однесуваат на владеењето на правото и борбата против корупцијата. Ќе се мапираат државните институции како и другите чинители кои се носители на овие стратешки документи како и тие на кои овие документи се однесуваат. Посебно ќе се анализираат заклучоците од извештаите за следење на овие стратешки документи а кои се изработени од државните институции, граѓанските организации и меѓународните тела.

При анализа на стратешките документи ќе се мапираат и законите на кои тие се однесуваат и преку чии измени и дополнувања се очекува успешно спроведување на овие стратегии. Ќе се анализираат клучните активности споменати во овие стратешки документи. Ќе се анализира начинот на донесување на стратегиите од ова област во контекст на мултидисциплинарните прашања, меѓусекторскиот пристап, инклузивноста на процесот на нивното донесување, достапноста на индикатори, механизмите за следење како и поврзаноста со други стратешки документи.

Целта на овој документ е да се мапираат клучните стратешки документи во областа владеење на правото и борба против корупцијата, мапирање на клучните чинители како и краток приказ на законодавството во ова област.

На крајот на анализата ќе се дадат соодветни заклучоци и препораки како овие документи може да се користат во процесот на пдготвување на сеопфатата Стратегија за национален развој.